# ЗАПИСНИК
## од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 21.07.2023 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Весна Симоновска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.07.2023 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-ѓа Машовиќ, го усвои предложениот Записник од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.07.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип. Објасни дека наведениот радиодифузер достави известување до Агенцијата во кое наведува дека веќе подолг временски период не емитува програма, дека е отворена стечајна постапка и истовремено сака да ја врати дозволата за телевизиско емитување. Објасни дека известувањето не беше заверено на нотар и од таа причина Агенцијата побара од радиодифузерот, оние лица кои треба да достават изјава, вклучувајќи го и стечајниот управник, да достават изјава заверена на нотар. Појасни дека од друга страна исполнети се условите за покренување постапка бидејќи телевизијата повеќе од 30 дена не емитува програма, а според службената белешка од Секторот за информатичка поддршка и општи работи не емитува програма повеќе од 90 дена. Информира дека денес истекува и дополнителниот рок за документацијата која треба да ја достават до Секторот за стратешко планирање и авторски права односно да ги достават податоците согласно член 15 став 1 од Законот за медиуми. Бидејќи и во крајниот рок не ја доставија документацијата има уште еден услов за кој што може да се започне постапка за одземање на дозволата. При носењето на конечната одлука ќе биде евидентирано и неисполнувањето на одредбите од Законот за медиуми за недоставување на информации во врска со нивното работење од претходната година.

Г-дин Петрушевски рече дека Советот повеќе години ја следи работата на ТВ Ирис и може да се заклучи дека изминатите години радиодифузерот има финансиски проблем со уплата за годишниот надоместок за дозволата. Сега веројатно е дојден моментот кога веќе не може финансиски да издржи, а од доставените материјали се гледа дека и основачот има финансиски проблеми. Согласно ова Советот нема друг избор освен да покрене постапка. Од друга страна, и самиот радиодифузер имал намера да ја врати дозволата но не стасал од технички причини да ги достави сите документи.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради прекршување на членот 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор, вонреден по службена должност, бр.03-2910/1 од 20.07.2023 година имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Доколку горенаведениот радиодифузер веднаш не го усогласи работењето со Законот, односно доколку истиот не отпочне со емитување телевизиска програма Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година.

Г-дин Петрушевски рече да се извести радиодифузерот дека почнуваат да течат дополнителните 15 дена и како следните дена ќе се одвиваат настаните така и Советот согласно Законот ќе постапува.

**Точка 3**

**Разно**

**Бр.**02-2911/3

01-08 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**